# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

- **Би-МЕК**, како овластен претставник за Македонија на многубројни првокласни производители на медицинска опрема, се стреми кон високо-квалитетна услуга за испорака, инсталација, обука и сервис на опремата, согласно законската регулатива и меѓународните стандарди за работа со медицинска опрема.
- **Би-МЕК** континуирано го следи степенот на задоволство на клиентите и ги проучува нивните препораки и барања, а притоа истите ги користи за подобрување на карактеристиките на услугите и за усовршување на Системот за управување со квалитет.
- Врвното Раководството на **Би-МЕК** обезбедува мотивираност, вклученост и посветеност кон остварување на стратешките определби и цели.
- **Би-МЕК** се стреми да одржува тим од високо-квалификувани и мотивирани вработени, кои се свесни за важноста на своите дејствија, при што се остварува непречена, навремена и точна комуникација и соодветна дистрибуција на знаење.
- **Би-МЕК** го поддржува Системот за управување со квалитет во согласност со барањата на меѓународниот стандард ISO 9001:2015.
- **Би-МЕК** се стреми навремено да ги идентификува ризиците во работењето, проактивно да управува со нив заради унапредување на услугите, процесите и Системот за управување со квалитет.
- **Би-МЕК** во своето работење применува процесен приод и врши идентификација, планирање, воведување, контрола и континуирано подобрување на сите процеси кои имаат влијание врз квалитетот на производите и услугите. Определува и собира неопходни информации за протокот на тие процеси и ги мери резултатите во однос на нивната продуктивност и ефикасност.
- Раководството периодично извршува контрола на политиката, функционирањето на системот за управување со квалитет, исполнувањето и поставувањето на нови цели за квалитет.
- **Би-МЕК** им гарантира на своите клиенти високо професионална услуга и максимално исполнување на превземените ангажмани.

25.04.2018, Скопје

Директор

**Даница Алачка Дукоска**